Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 01.04. 2020 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на четириесетидеветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Четириесетидеветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **06. 04. 2020 година (понеделник ) со почеток во 10:00 часот во големата сала на Општина Свет**и Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од четириесетиосмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 13.03. 2020 година;

**Точка 1**

Предлог – Одлука за донесување на Генерален урбанистички план за град Свети Николе, со површина на плански опфат од 727.31 ха, со плански период 2015-2025г. – Општина Свети Николе;

**Точка 2**

Предлог – Одлука за ослободување од плаќање на надомест за времено-сезонско користење јавни површини;

**Точка 3**

Предлог – Деловник за изменување и дополнување на Деловник за работа на Советот на Општина Свети Николе;

**Бр. 0801- 762**
**01.04.2020 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**